**20261842830**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 96/26) и член 82 став (2) од Законот за меѓународна и привремена заштита (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.45/25 и 172/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНАТА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ЛИЦА ОД УКРАИНА

Член 1

Со оваа одлука се продолжува привремената заштита во траење од една година на државјани на Украина и на членови на нивните семејства, на лица без државјанство и на странски државјани на кои им е одобрен азил или еквивалентна национална заштита во Украина и на членови на нивните семејства на кои им е одобрен престој во Украина и на странски државјани на кои им е одобрен важечки постојан престој или привремен престој во Украина и кои не можат да се вратат во земјата на потекло под постојани и долгорочни околности, кои пристигнале во Република Северна Македонија по 24 февруари 2022 година, а не можат да се вратат во Украина поради војна и окупација на дел од нејзината територија, дадена со Одлука за давање на привремена заштита во Република Северна Македонија на лица од Украина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.168/23).

Член 2

Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за економија и труд да ја спроведат оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 9 август 2026 година.

Бр. 57-6318/7
5 август 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.